ResearchGate

See discussions, stats, and author profiles for this publication at: https://www.researchgate.net/publication/269992903

# Citizens Budget of R. Macedonia for 2013

**Article** · January 2013

CITATIONS
0

READS
33

**3 authors:**

Marjan Nikolov
Center for Economic Analyses, Skopje, Macedonia
**34** PUBLICATIONS **39** CITATIONS

SEE PROFILE

Borce Trenovski
Ss. Cyril and Methodius University
**50** PUBLICATIONS **38** CITATIONS

SEE PROFILE

Hristijan Risteski
**2** PUBLICATIONS **0** CITATIONS

SEE PROFILE

**Some of the authors of this publication are also working on these related projects:**

Western Balkan Network on Territorial Governance View project

Balkan monitoring Public Finances View project

All content following this page was uploaded by Borce Trenovski on 26 December 2014.

The user has requested enhancement of the downloaded file.

WE ARE MAKING A DIFFERENCE
10 YEARS

# CEA
Center for Economic Analyses

ЦЕНТАР ЗА ЕКОНОМСКИ АНАЛИЗИ

# ГРАЃАНСКИ БУЏЕТ

## НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2013 ГОДИНА


ИЗРАБОТИЛЕ:
**Марјан Николов**
**Христијан Ристески**
**Борче Треновски**



Скопје 2013год.


USAID
FROM THE AMERICAN PEOPLE

FOUNDATION OPEN SOCIETY MACEDONIA
ФОНДАЦИЈА ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

336.14(497.7)"2013"

НИКОЛОВ, Марјан
Граѓански буџет на Република Македонија за 2013 година /
изработиле: Марјан Николов, Христијан Ристески, Борче Треновски. Графички Дизајн: ПиксАрт.
Скопје : Центар за економски анализи - ЦЕА, 2013. - 29 стр. : граф.
прикази ; 30 см
Лектор: Марија Симјановска

ISBN 978-9989-2632-6-2
1. Николов, Марјан [автор] 2. Ристески, Христијан [автор] 3. Треновски, Борче [автор]
а) Буџет - Македонија - 2013
COBISS.MK-ID 93618442

Напомена.
Оваа брошура е овозможена со поддршка од американскиот народ
преку Агенцијата на САД за меѓународен развој (УСАИД) во рамките на Проектот на УСАИД за граѓанско општество.
Содржината на публикацијата е одговорност на авторите и не ги изразува ставовите на УСАИД или на Владата на Соединетите Американски Држави.

# Почитувани граѓани на Р. Македонија

Конечно, пред Вас е првиот Граѓански буџет изработен од Центарот за економски анализи - ЦЕА, финансиски помогнат од Проектот на УСАИД за граѓанско општество. Со овој Граѓански буџет, Ви го претставуваме Буџетот на Р. Македонија за 2013 година, како и други информации за кои се надеваме дека ќе го зголемат Вашето знаење и информираност за Буџетот и буџетскиот процес. Се надеваме дека со овој Граѓански буџет ќе се зголеми и свесноста на Владата на Р. Македонија, а пред сè свесноста на Министерството за финансии, за обврската што ја имаат за транспарентно презентирање на информациите поврзани со Буџетот и информирање на граѓаните на Р. Македонија на прилагоден и достапен начин, со цел овој високотехнички документ да го приближат поблиску до сите нас.

Со редовно издавање на ваков Граѓански буџет на среден и на долг рок, очекуваме да се зголеми фискалната транспарентност и да се зголеми фискалната дисциплина, а со тоа и да се постигне поголема отчетност на Владата на Р. Македонија. Граѓанскиот буџет ќе овозможи поголема информираност на граѓаните на Р. Македонија за тоа кои се изворите на средства во Буџетот, за кои приоритети се трошат нивните пари, како тече буџетскиот процес, а со текот на времето ќе обезбеди и поголема мотивација за партиципативност во креирањето на политиките на Владата и во носењето на Буџетот.

Со поголема фискална транспарентност се очекува и поголема политичка конструктивност од политичките актери, поголема понуда на алтернативи за поголема вредност за парите на даночните обврзници, зголемување на политичката култура, а конечно и релаксирање на дебатата за Буџетот и натамошно зајакнување на демократијата во Р. Македонија.

Овој Граѓански буџет е печатен во 3000 копии на македонски и на албански јазик, а достапен е на веб - страната на ЦЕА: www.cea.org.mk, како и на веб-страната на буџетскиот портал на ЦЕА: www.mkbudget.org.

Ве молиме сите ваши забелешки и сугестии за тоа како да го подобриме понатамошното издавање на Граѓанскиот буџет да ги доставите до ЦЕА на: info@cea.org.mk.

Во посакувам пријатно читање и информирање за тоа како и за што се трошат вашите пари.

Со почит,

Д-р.Марјан Николов

Претседател на ЦЕА

# Поважни дефиниции

**Буџет на Р. Македонија** е годишен план на приходи и други приливи и одобрени средства кој ги вклучува Централниот буџет и Буџетите на фондовите.

**Централен буџет** е годишен план на приходи, други приливи и одобрени средства, а се однесува на буџетските корисници на централната власт и ги вклучува основниот буџет, буџетот на донации, буџетот на заеми и буџетот на самофинансирачки активности.

**Расходи** се сите плаќања (одливи) од буџетите за одобрени намени, освен отплатата на главнината на заемите.

**Други одливи** се плаќањата за отплата на главнина на заеми.

**Приходи** се даноци и други задолжителни плаќања утврдени со закон, приливи кои произлегуваат од сопственост на средства (камата, дивиденда, закупнина и слично), надоместоци за дадени добра или услуги, подароци, донации, субвенции и трансфери.

**Други приливи** се приливи од заеми, продажба на капитални средства, издадени државни хартии од вредност и друго.

**Буџетски дефицит** е негативна разлика меѓу планираните, односно наплатените приходи и одобрените средства, односно расходи.

**Буџетски суфицит** е позитивна разлика меѓу планираните, односно наплатените приходи и одобрените средства, односно расходи.

**Буџетски корисници** се корисници од прва линија од областа на законодавната, извршната и судската власт, фондовите, корисниците на Буџетите на општините и корисниците основани со закон на кои им е доверено вршење на јавни овластувања.

**Фондови на Буџетот** се: Фондот за пензиското и инвалидското осигурување на Р. Македонија, Фондот за здравствено осигурување на Р. Македонија, Фондот за магистрални и регионални патишта и Агенцијата за вработување на Р. Македонија.

# Буџетот на Р. Македонија – 2013 год.




1

Огледало на секоја економска програма и листа на приоритети која ја има една Влада, преставува Буџетот на една земја. Планирањето и спроведувањето на Буџетот на една држава преставува планирање и спроведување на нејзините планови и приоритети за идниот едногодишен период, кои ќе имаат влијание и во наредните години. На политичкиот пазар кој е многу сличен со кој било друг пазар (на пр. пазарот за земјоделски производи), граѓанинот врз основа на презентирањето на приоритетите (квалитетите на производот) на секоја од политичките платформи одлучува да го даде својот глас (да се реши да го купи производот) за определена политичка опција. Давањето на својот глас (купувањето на производот) воедно преставува и давање на право на избраната политичка платформа (продавачот) во иднина да одлучува за цената која треба да ја плати секој од избирачите (одлучува за даноците и другите давачки) и приоритетите за кои собраните средства ќе бидат потрошени (производот кој во иднина ќе го добие купувачот).




2




3




Планот за реализација, т.е. зделката која е склучена на политичкиот пазар, односно планот за обезбедување на средствата и нивно трошење, е рефлектиран во Буџетот кој е предложен. Секогаш кога граѓаните купуваат производи и услуги, дел од своите пари даваат за Буџетот. Работниците, секогаш кога земаат плата, одделуваат дел за Буџетот. Според тоа, граѓаните го полнат Буџетот и имаат право да знаат како се трошат нивните пари.

Трошењето на парите од Буџетот има големо влијание врз животот на сите Вас, без разлика на вашата национална и верска припадност, без разлика на тоа дали сте земјоделец кој има потреба од субвенции за нов трактор, вработен во јавна администрација, примател на социјална помош, возач кој вози по добри или по лоши патишта и друго. Домаќинското трошење на Буџетот обезбедува подобар живот за сите граѓани, па поради тоа граѓаните треба да знаат колку даваат за Буџетот, за што се трошат парите и што добиваат од трошењето на Буџетот.

Буџетот претставува едногодишен план на приходите и расходите на Р. Македонија. Во него е претставен планот за тоа колкави приходи се очекуваат од даноци, царини, такси и слично, и колку пари треба да се потрошат за граѓаните да имаат поквалитетен живот. Во Македонија, има разлика помеѓу Централен буџет, кој е годишен план на приходи и расходи на Централната власт (Влада, министерства, разни агенции и комисии), и Буџет на Р. Македонија, кој е годишен план на приходи и расходи, а во него влегуваат Централниот буџет, буџетите на општините и фондовите. Граѓанскиот буџет пак, ги обезбедува најважните податоци и информации за Буџетот, претставени на едноставен начин, со цел секој да може да добие информации за собирањето и трошењето на парите од Буџетот.



*„...Што ќе се смени со изработката на Граѓанскиот буџет?*
*Не можат политичарите да се наговорат да работат подобро, но граѓаните ќе бидат поинформирани и ќе можат да ги „казнат“ на следните избори..."*
*Граѓанин на Р. Македонија од фокус- групите организирани за овој проект.*

Буџетот на Р. Македонија за 2013 година,
може да го најдете на веб страната од Министерството за финансии
http://www.finance.gov.mk/view/budget2013
или во Службен весник на Р. Македонија“ бр. 167/2012.



## Стратешки определби и приоритети на Буџетот 2013

Најважни за креирањето на Буџетот се приоритетите за кои се настојува да се остварат со Буџетот, кои во доминантен дел се поклопуваат со приоритетите на Владата (владејачката политичка коалиција). Во продолжение, накратко ќе ги наведеме основните приоритети/стратешки определби на Владата на Р. Македонија, што воедно преставуваат и основи за дизајнирање на Буџетот на Р.Македонија. Повеќе за стратешките приоритети и цели на Владата на Р.Македонија можете да прочитате на: **http://vlada.mk/node/74.**

За реализација на стратешките приоритети на Владата на Р. Македонија, во Буџетот за 2013 година се утврдени следниве владини програми:

**Како што може да се види од листата на програми, тука не е присутна, народски познатата програма „Скопје 2014“. Со оваа програма целосно е променет изгледот на централното подрачје на главниот град на Р. Македонија, Скопје, но во Буџетот никаде не се споменуваат транспарентни ставки за реализација на оваа народски позната програма.**

| Р.б. | Владина програма |
|---|---|
| 1 | Децентрализација |
| 2 | Намалување на сиромаштија |
| 3 | Јакнење на владеењето на правото |
| 4 | Економски развој |
| 5 | Реформа на јавната администрација |
| 6 | Интеграција во ЕУ |
| 7 | Информациски и комуникациски технологии |
| 8 | Регионален развој |
| 9 | Унапредување на животната средина |
| 10 | Инвестиции во образование |

* Табела бр.1

## Дали знаете дека?

за рамномерен регионален развој од Буџетот на Р. Македонија согласно закон, годишно треба да се издвојуваат средства во висина од најмалку 1% од БДП, или изразено во пари околу 4.9 милијарди денари (79,3 милиони евра). Но, во владината Програма за регионален развој од Буџетот за 2013 година планирани се 50 пати помалку средства од законски пропишаните или само 99 милиони денари (1,6 милиони евра).

**Дали знаете дека 44% од БДП се произведува во скопскиот регион,а остатокот од 56% во другите 7 региони.**

**Бруто - Домашен производ, по региони, 2010год.**




* Графикон бр.1




## Што се јавни приходи?

Даноците, социјалните придонеси, царините, административни такси и концесиите што ги плаќаат граѓаните и бизнисите се приходи на Буџетот. Од даноците што ги плаќаат граѓаните и бизнисите, планирано е во 2013 год. да се соберат 82,7 милијарди денари (1,3 милијарди евра). Најмногу пари во Буџетот се собираат од плаќањето на данокот на додадена вредност.

Останатите приходи ќе бидат собрани од царините што се плаќаат при увозот од странство, административните такси што ги плаќаат граѓаните и бизнисите кога бараат некакви услуги од државата, концесии, продажба на државни станови и земјиште и приходи од дивиденда од АД „Телеком“. Од плаќањето на социјални придонеси од вработените планирано е да се соберат 42,8 милијарди денари (696 милиони евра) преку Фондовите за пензиско и здравствено осигурување и за вработување.

# Што се јавни расходи?

Расходи претставуваат трошењата на парите од Буџетот. Се делат на капитални и тековни расходи.

Капиталните расходи имаат за цел претежно да ги задоволат потребите за инфраструктура и тука спаѓаат изградба на патишта и друга инфраструктура, инвестирање во опрема, изградба на згради и деловни објекти, расходи за истражување и развој и слично. На пример, со изградба на автопати ќе се намали времето на патување, ќе се намали потрошувачката на гориво и слично. Градењето на згради, покрај задоволувањето на потребите за станбени површини, отвора и нови работни места за градежниците, потоа за фирмите за изработка на мебел и слично. Изградбата на брани ќе овозможи производство на електрична енергија од обновливи извори и намален увоз на електрична енергија. Истражувањата и развојот значат креирање на нови производи или подобрувања на постоечките. Во Буџетот за 2013 година планирано е зголемување на капиталните расходи од 10% споредено со 2012 година, изнесувајќи 18,7 милијарди денари (304 милиони евра).

Во тековни расходи спаѓаат трошоците што се прават во Буџетот за да се обезбеди функционирање на државните институции. Тука спаѓаат платите за вработените во јавната администрација, трошоци за купување разни материјали, набавка на стоки и услуги и слично, кои се потребни за работење на администрацијата. Во тековни расходи спаѓаат и исплатата на субвенции, плаќање на камати, трансфери до општините. Покрај тоа, фондовите за пензиско, социјално и здравствено осигурување не собираат доволно средства за да ги исплаќаат пензиите, здравственото осигурување и социјалната помош, па поради тоа се прават трансфери од Буџетот. Во Буџетот за 2013 година, планирано е тековните расходи да се зголемат за 4,8%, изнесувајќи 146,9 милијарди денари (2.4 милијарди евра) како резултат на зголемувањето на пензиите, социјалните надоместоци и субвенциите во земјоделството.








## Што преставува честодискутираниот дефицит/суфицит (буџетско салдо)

**Буџетско салдо е разликата помеѓу вкупните приходи и расходи во Буџетот. Ако во Буџетот има повеќе приходи од расходи, буџетското салдо е во суфицит. Спротивно на тоа, ако во Буџетот има повеќе расходи од приходи, буџетското салдо е во дефицит.**

**Во случајот кога има дефицит, Владата треба да позајми средства од земјата или од странство за да ги исплати планираните расходи. Во Буџетот за 2013 година планирано е да имаме дефицит во износ од 17,7 милијарди денари (288 милиони евра).**






* Графикон бр.2

# Дали постои начин да ги измериме резултатите и ефикасноста од трошењето на парите од Буџетот?

Во Р. Македонија не се мерат резултатите што треба да се постигнат со трошењето на парите од Буџетот. Институциите коишто се финансираат од Буџетот (министерства, комисии, агенции и сл.) како индикатор за мерење на резултатите од трошењето на буџетските средства, најчесто го ставаат бројот на вработени. Но, за нас - плаќачите на даноци, од поголема важност е што тие вработени ќе сработат и ќе постигнат со трошењето на буџетските пари, т.е. каков квалитет на услуги ќе обезбедат тие вработени во министерствата, комисиите и агенциите.



На пример, Министерството за внатрешни работи во 2013 година од Буџетот ќе добие средства во износ од 9,6 милијарди денари (156 милиони евра) и во делот за индикатори, за мерење на резултатите и успесите од трошењето на овие средства, пишува број на вработени од 11.044 вработени. Или со други зборови, тоа значи дека ако овие лица редовно земат плата, тогаш Министерството за внатрешни работи ќе констатира дека успешно управува со парите од Буџетот, но за нас е многу поважно што треба овие 11.044 вработени да постигнат за да додадат вредност за платата што ја примаат или каков квалитет на услуга ќе добиеме на пример, за поголема сигурност, помал криминал, ефикасност при вадење на лични документи пред шалтерите на ова Министерство.



# Како се донесува и кој е одговорен за носење на Буџетот на Р. Македонија?

**Владата на Р. Македонија**

**изработува и поднесува Предлог за Буџетот до Собранието на Р. Македонија. Краен рок за ова е 15 ноември.**

За Предлогот за Буџетот се води претрес во матичното работно тело на Собранието на РМ, односно Комисијата за финансирање и буџет. За време на претресот/дискусијата во Комисијата може да се поднесуваат амандмани и за секој амандман се води претрес и се гласа одделно. Предлогот за Буџетот можат да го разгледуваат и други работни тела-комисии од области во кои се алоцираат значајни средства од Буџетот, како на пример: Комисија за образование, наука и спорт, Комисија за одбрана и безбедност и други. Законодавно - правната комисија проверува дали Предлогот за Буџетот е во согласност со законите и Уставот на Р. Македонија. Откако е завршен претресот во Комисијата за финансирање и буџет и Законодавно-правната комисија, дополнетиот Предлог за Буџетот и се враќа на Владата на Р. Македонија.

СОБРАНИЕ
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Владата ги разгледува амандманите од Комисијата за финансирање и буџет и Законодавно-правната комисија и ги прави потребните измени и дополнувања за да ги вгради амандманите со кои се согласува. Дополнетиот Предлог за Буџетот, Владата повторно го доставува до Собранието.**

Откако новиот Предлог за Буџетот повторно е доставен до Собранието, се одржува пленарна седница на која можат да се поднесуваат амандмани само по оние членови од Предлогот за Буџетот што се изменети со амандмани на работните тела.

СОБРАНИЕ
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Доколку не се поднесат дополнителни амандмани, тогаш се води само општа расправа (претрес). Општата расправа е ограничена на најмногу три дена, по што се гласа за усвојување на Буџетот. Собранието на Р. Македонија го донесува Буџетот најдоцна до 31 декември.

Ако Буџетот не е донесен до 31 декември во тековната година, Министерството за финансии ќе одобрува користење на средства за секој месец што следува. Износот на тие средства најмногу може да биде до една третина од вкупните извршени расходи во првиот квартал од претходната година. Во текот на овој период не се преземаат обврски и не се извршуваат расходи за нови програми.

# Зошто се важни проекциите при дизајнирањето на Буџетот?

Почитувани граѓани, имајќи предвид дека Буџетот претставува план на јавните приходи и расходи на една земја за една година (во текот на годината постои можност за ревидирање/ребаланс на истиот доколку се покаже неодржлива неговата рамка), неговата заснованост на точни претпоставки/проекции за индикаторите пресудни за неговата имплементација се од исклучително значење.

**Наједноставно претставено: доколку креаторите на политиката очекуваат поволни економски движења (странска побарувачка и извоз, странски директни инвестиции, зголемена вработеност, раст на определени сектори од производството, итн.) тие Буџетот за следната година ќе го базираат на тие очекувања и врз основа на тоа ќе ги планираат приходите што ќе ги соберат и расходите што ќе ги направат, а кои се директно зависни од претпоставените економски движења. Што доколку тие претпоставки не се остварат?**

Доколку позитивните претпоставки имплементирани во Буџетот не се остварат, тогаш рамнотежата во Буџетот се нарушува и истиот се соочува со проблеми при негова имплементација – доколку економската активност е намалена, тогаш најпрвин се намалуваат приходите во Буџетот (од даночните, неданочните и други извори), а потоа тоа директно се одразува и на способноста да се реализираат предвидените расходи во Буџетот (инвестиции, тековни расходи, итн.). Во тој момент Буџетот повеќе не ја одразува економската реалност, туку тој се соочува со недостиг на приходи и поради тоа истиот се соочува со проблеми при негово реализирање. Тогаш е потребно негово ревидирање, или пак е потребно да се направи намалување на планираните расходи (за нивно поклопување со намалените приходи) или пак ќе се зголеми задолжувањето на државата, со цел да го одржи планираното ниво на расходи при намалени приходи или пак ќе се донесе одлука за зголемување на даноците.



Од претходно кажаното, наједноставно се гледа зошто проекциите при креирање на Буџетот се од пресудно значење за неговата одржливост и ефикасност и зошто владата треба да настојува колку што може повеќе истите тие проекции да бидат што поточни (иако често се случува поради некои ризици да се нарушат претходно утврдените проекции/претпоставки, сепак ефикасното планирање нема алтернатива за управување со ризиците). Уште повеќе, со поточни/поефикасни предвидувања се овозможува и бизнисите и граѓаните полесно да ги планираат нивните одлуки за трошење и инвестирање во наредната година, т.е. се креира попредвидлив економски амбиент за донесување на одлуки од страна на граѓаните и од страна на бизнисите.




## Некои од главните претпоставки за Буџетот – 2013 год. се:

Најголемите трговски партнери на Р. Македонија, како што се: Германија, Грција, Србија, Бугарија и Италија, бавно излегуваат од рецесија и имаат ниски стапки на раст. Тоа значи дека тие помалку ќе купуваат македонски производи, што ќе влијае на македонскиот извоз/извозен сектор, додека сè уште ниската доверба на инвеститорите во пазарите упатуваат на можноста и странските инвестиции во Р. Македонија во 2013 год. да бидат под посакуваното ниво.

**Највисок раст од 3,5% во 2013 година се очекува во секторот градежништво. Се планира реализацијата на крупните инвестициски проекти и инвестициите на фирмите кои работат во слободните економски зони да го стимулираат растот на бруто домашниот производ.**

Цените се очекува да останат стабилни со мали покачувања. Односно, во 2013 година инфлацијата да остане ниска, на ниво од 3,5%.

Бројот на вработени во 2013 година се очекува да се зголеми за 52.000 работници или 0,8% од вработените, а се очекува и намалување на невработеноста до 31%.

Не се очекуваат промени во девизниот курс на денарот во однос на еврото.

# Како државата ги обезбедува приходите за финансирање на јавните расходи?

Почитувани граѓани, државата со цел да може да ги реализира своите планирани расходи (капитални, тековни расходи, итн.) треба да обезбеди приходи. Главните извори на приходи што ги обезбедува државата се структурираат во следните групи (види графици): даночни приходи, неданочни приходи, капитални приходи, трансфери и донации, приходи од продажба на хартии од вредност и отплата на заеми. Покрај наведените приходи, во изворите на средства се наоѓаат и приходите кои се обезбедени од задолжување на државата на домашниот и странскиот пазар, со цел да го покрие недостатокот на средства за реализирање на расходите кој не може да се обезбеди од претходно наведените извори.

## Структура на приходи во Буџетот на Р.М за 2013 (% од вкупни приходи )




* Графикон бр.3




Извор: ЦЕА портал за Буџет на Р.М:
http://www.mkbudget.com.mk/prihodi/list



Со донесувањето на Буџетот, државата ги планира износите на приходи кои се очекува да се соберат од секој од изворите. Најголемиот дел од приходите или скоро 70% (125.703.165.000 ден.) од вкупните приходи во Буџетот се собираат од даночните приходи кои ги опфаќаат данокот на добивка, данокот на доход, ДДВ, придонесите за социјално осигурување, акцизите, царините, итн. На второ место се наоѓаат изворите на приходи што се обезбедени со странско задолжување и нивниот износ изнесува 10,2% (18.519.688.000 ден.) од вкупните приходи.

Најголемиот придонес во рамките на даночните приходи, потекнува од данокот на додадена вредност кој се плаќа при прометот на добра и услуги (скоро една четвртина од вкупните приходи) и од социјалните придонеси што ги плаќаат граѓаните.

**Во буџетот за 2013 година на Р. Македонија нема јавно достапни детални податоци за планираните приходи од ДДВ, данок на добивка и данок на доход за 2013 год.**



## Дали знаете дека?

За да се исполнат планираните вкупни даночни приходи (данок на добивка, ДДВ, данок на доход, придонеси за социјално осигурување, итн.) на Р. Македонија секој граѓанин треба просечно за 2013 год. да плати по 62.851 ден. (или приближно по три просечни месечни нето-плати по вработен).

## Дали знаете дека?

Планирано е секој граѓанин на Р. Македонија просечно да плати по 21.495 ден. за придонеси за социјално осигурување во 2013 год., или по 1.790 ден. месечно (за четиричлено семејство 85.980 ден. годишно или по 7.165 ден. месечно), што е приближно еднакво на една просечната месечна исплатена нето-плата по вработен, во октомври 2012 ( кога изнесувала 21.031 ден.)

**Неданочните приходи ги опфаќаат: претприемачки приход и приход од имот; глоби, судски и административни такси; такси и надоместоци; други владини услуги; и други неданочни приходи. Процентите на учество во вкупните приходи кај оваа група на јавни приходи се илустрирани на следниот графикон.**

Графикон бр.4




Извор: ЦЕА портал за Буџет на Р.М: http://www.mkbudget.com.mk/prihodi/list

## Дали знаете дека?

**Секој граѓанин на Р. Македонија во 2008 год. годишно плаќал 2.208 ден. само за глоби, судски и административни такси, додека истиот износ во 2013 год. е планирано да изнесува само 971 ден. (или 3.884 ден. за четиричлено семејство). Меѓутоа, за сметка на тоа, износот на другите такси и надоместоци двојно е зголемен од 951 ден. по глава на жител во 2008 год. на 1.967 ден. во 2013 год.**

## Дали знаете дека?

**Секој граѓанин на Р. Македонија ќе добие просечно по 1.308 ден. (истиот износ за 2012 изнесува 1.702 ден., а за 2011 год. изнесувал 1.804 ден.) доколку се поделат приходите што државата планира да ги оствари од продажба на земјиште и нематеријални вложувања. Овој износ е трипати повисок споредено со 2008 год.**

**Доколку се подели просечниот износ од дивидендите кои ги остварува државата, секој граѓанин во 2013 год. би добил износ од 1.252 ден.**

**Според Буџетот за 2013 год., доколу вкупниот износ на приходи од странски донации се подели на вкупниот број на граѓани во Р. Македонија, секој граѓанин би добил по 1.302 ден.**

**Капиталните приходи опфаќаат: продажба на капитални средства; продажба на земјиште и нематеријални вложувања; како и приходи кои се остаруваат од дивиденди. Во капиталните приходи, учеството на приходите од продажбата на земјиште и нематеријални вложувања и приходите од дивиденди имаат скоро идентичен придонес од 1,4% од вкупните приходи, додека придонесот кон вкупните приходи од продажбата на капитални средства е поскромен 0,2% од вкупните приходи (види графикон бр.5).**

**Специфика во оваа група приходи која може да ја издвоиме е што износот на приходи обезбедени од продажба на земјиште и нематеријални вложувања е посебно зголемен во последните две години - 2012-2013 год., што е илустрирано на следните графици.**

Капитални приходи (МКД)




*** Графикон бр. 5**

Приходи од продажба на земјиште и нематеријални вложувања (МКД)




*** Графикон бр. 5**

Извор: ЦЕА портал за Буџет на Р.М: http://www.mkbudget.com.mk/prihodi/list

**Вкупниот износ на Трансферите и донациите каде што се вклучени трансферите од другите нивоа на власт и донациите од странство во Буџетот за 2013 год. изнесува 15.695.439.000ден. (8,7% од вкупните приходи), додека доминантен дел од нив отпаѓа на трансферите од другите нивоа на власт во износ од 13.086.354.000 (7,2% од вкупните приходи).**

**Донациите од странство бележат значајно зголемување посебно во последните две години - 2012-2013 год.**

**Приходите од продажба на хартии од вредност кои ги поседува државата имаат скромно учество во приходите на државата, со исклучок на периодите кога државата продавала удели/хартии од вредност од големи државни претпријатија или државни монополи, како што беше продажбата на ЕСМ во 2006 год. кога износот на овие приходи достигнал 1.666.138.902 ден. (0,9% од вкупните приходи), додека во 2013 год. тие приходи изнесуваат само 95.000.000 ден. (0,1% од вкупните приходи).**




**Приходи од отплата на заеми исто така зафаќаат скромен дел од вкупните извори на средства во Буџетот: во 2013 год. слично како и во 2012 год., тие изнесуваат 620.000.000 (или 0,3% од вкупните приходи), со што бележат благо намалување споредено со периодот од 2010 -2011 год.**



## Дали знаете дека?

За 2013 год. буџетските корисници – министерствата, агенциите и другите државни органи е планирано да остварат приходи наплатени од нивните органи во износ од 3.119.385.000 ден. (без заемите, донациите и самофинансирачките активности).

На прво место со скоро 1/2 (или поточно 45%) од тој износ се очекува да бидереализиран од Министерството за внатрешни работи (МВР) или износ од 1.397.087.000 ден.

На второ место со скоро 1/5 (или поточно 18%) од тој износ се очекува да биде реализиран од Управата за јавни приходи (УЈП) или износ од 560.000.000 ден.

Посебно интересен дел од изворите на средства/приходи во Буџетот претставуваат задолжувањата на државата. Овој извор (или поточно прилив) на средства, кој во последните години бележи тренд на зголемување, има важна улога во покривањето на јазот/недостатокот на приходи со цел државата да може да ги реализира планираните јавни расходи.



## Дали знаете дека?

Доколку задолжувањето на државата во странство за 2013 год. се подели на вкупниот број на граѓани во Р. Македонија, секој од граѓаните треба да плати по 9.260 ден., што претставува малку повеќе од минималната плата во Р.М. (или секое семејство би требало да врати по 37.040 ден.).

Задолжувањето на државата во странство е околу пет пати поголемо од задолжувањето во земјата, и истото е скоро десеткратно зголемено од 0,6% учество во вкупните јавни приходи (557 ден. по глава на жител) во 2004 год. на 10,2% од вкупните јавни приходи (9.260 ден. по глава на жител) во 2013 год.



Домашното задолжување – во 2013 год. изнесува 3.588.527.000 ден. (2% од вкупните приходи) и приближно толку 3.600.000.000 ден. во претходната 2012 год. Посебно карактеристичен период за ова задолжување претставуваше периодот од 2009-2010 год., кога на меѓународните пазари на капитал каматната стапка беше релативно повисока што ја натера државата да се сврти кон задолжување на домашниот пазар во износ од 6.095.789.104 ден. во 2009 год. (3,4% од вкупните приходи) и 6.796.173.147 ден. во 2010 год. (3,7% од вкупните приходи), што преставува скоро двојно поголем износ од планираниот за 2013 год. (види графикон бр. 6).

Графикон бр.6




**Задолжувањето во странство – бележи континуиран пораст доколку се следи неговото учество во вкупните приходи и истото е скоро десеткратно зголемено од 1,1% во 2004 год. на 10,2, во 2013 год. или во апсолутен износ од 2.067.910.666 ден. во 2004 год. на 18.519.688.000 ден. во 2013 год.**




Извор: ЦЕА портал за Буџет на Р.М:
http://www.mkbudget.com.mk/prihodi/list



**Кога се зборува за задолжувањето, важно е да се земе предвид дека во Р. Македонија, задолжувањето на Централната влада во однос на БДП, покажува значаен тренд на намалување. Односно, вкупниот долг на Централната влада во однос на БДП се намалил од 48,8% во 2001 год. на 30,7% во 2012 год. (неговата структура е 66,9% странски долг, 33,1% домашен долг)[1].**

[1]Министерство за финансии на Р. Македонија,
http://finance.gov.mk/files/u4/jba_na_dolg_na_centralna_vlada_30_11_2012_mk.pdf

# Расходи се плаќања на владата согласно со планираниот буџет

**Почитувани граѓани, трошењето на парите собрани пред сè од даноците од Управата за јавни приходи, овозможува на пример, лекарите и полицајците да ја вршат својата работа. Тие пари се собрани од Вас за да добиете соодветна и квалитетна услуга. Секој граѓанин на Р. Македонија е должен да плаќа даноци, а државата има обврска да му обезбеди социјална заштита и социјална сигурност и праведност.**

**Дали знаете дека?**

**Ако во Р. Македонија има проценети 2.058.539 граѓани во 2011 година, тоа значи дека Владата на Р. Македонија е одговорна во 2013 година за трошењето на околу 8 месечни просечни нето - плати од секој граѓанин на Р. Македонија.**




**Каде одат овие пари?**

Лекарите, полицајците, негувателките во градинките, вработените во Министерството за внатрешни работи кои Ви ги издаваат и администрираат пасошите и личните карти, добиваат плати од Вашите пари. Од Вашите пари се финансираат и одржувањето и изградбата на градинки, училишта, патишта, итн. Дали сте задоволни од овие услуги? Вие имате право да барате поголем квалитет за услугите кои ги добивате.

## Да видиме за кои функции ќе се потрошат парите од буџетот во 2013 година на следниот график.

* Графикон бр.7




## Трошоци за функциите на државата по глава на жител (МКД)




* Графикон бр.8

**Во 2013 година, најмногу пари од Буџетот, Владата ќе потроши за економски работи (26%) и за социјална заштита (23%), погледнете графикон бр.7.**
**Со Вашите пари се помагаат и граѓаните кои се сиромашни, и тоа преку социјалните трансфери, а се трансферираат и средства до општините за да можат да бидат платени наставниците во основните и во средните училишта и да можат да се одржуваат овие училишта.**
**Доколку сакате да видите колку секој граѓанин треба да одвои за финансирање на овие функции на државата, погледнете го графиконот бр. 8.**

**Да видиме колку пари се трошат за плати, за трансфери и за стоки и услуги кои воедно се нарекуваат и тековни расходи.**




**Планирани тековни расходи за 2013 г.**
**Од графиконот погоре, можеме да видиме дека 50% од тековните расходи во 2013 година ќе отидат за социјални транфери, а 16% за плати и надоместоци.**



## Планирани тековни и капитални расходи за 2013 г.




* Графикон бр.10

**Апсолутните износи на потрошени средства за економските функции на државата во денари се прикажани на графикон број 11.**

* Графикон бр.11





## Дали знаете дека?

**Владата на Р. Македонија традиционално не може да ги потроши предвидените капитални расходи рамномерно низ целата година? Исто така, на тековни расходи се трошат дури 8 пати повеќе пари . Или, предвидено е платите во 2013 година да бидат за 30% повисоки од капиталните расходи во 2013 година.**

**Но, да видиме кој најмногу ќе потроши во 2013 година**

**Дали знаете дека во Р. Македонија има вкупно 80 министерства, агенции, комисии, управи дирекции, итн? Сите тие се основани за да го подобрат нашето живеење и за тоа се платени од нашите пари. Кој ќе потроши најмногу пари во 2013 година? Видете го тоа на следниот графикон.**




* Графикон бр. 12

**За што ќе се потрошат нашите пари во 2013 година?**

**Најмногу пари во 2013 година ќе потроши Министерството за труд и социјална политика (скоро 23% од вкупниот Буџет на Р. Македонија за 2013 година). Тоа значи дека скоро секој 4-ти денар од нашите пари ќе отиде за поддршка на пензии, социјална помош, плати за негувателки и воспитувачки во градинките и одржување на градинките, итн.**

## Дали знаете дека?

Во Р. Македонија, 38 од 84 општини немаат градинки. Капацитетот на градинките е околу 23.500 деца, а во нашата држава во 2011 година проценето е дека имало скоро 160.000 деца на предучилишна возраст до 6 години. Тоа значи дека само 14% од децата од предучилишна возраст во Р. Македонија можат да бидат услужени со услуга во градинка или само едно од 7 деца може да се запише во градинка.

Понатаму, голем дел за плаќање од Буџетот за 2013 година ќе оди на таканаречени функции на државата од кои нешто повеќе од 15 милијарди денари (околу 240 милиони евра) ќе бидат за отплата на главница до кредитори или околу 9% од вкупниот Буџет на Р. Македонија во 2013 година ќе отиде на плаќање на главница од долгови кон кредиторите.

## Дали знаете дека?

Во Буџетот на Р. Македонија не можете да најдете податок за преземени, а неплатени обврски кон добавувачи? Буџетот во Р. Македонија покажува само готовинско трошење, а не покажува и преземена обврска или број и вредност на фактури со кои е задолжена Владата на Р. Македонија.

Министерството за образование и наука зазема исто така голем дел од нашиот Буџет. Тоа ќе потроши 16% од вкупниот Буџет на Р. Македонија за 2013 година или секој денар од седум денари буџет ќе ги потроши ова Министерство.

## Дали знаете дека?

Во Р. Македонија има проценето скоро 350.000 граѓани на училишна возраст, а во 2011 година имало скоро 310.000 ученици во основно и средно училиште? Во Р. Македонија, средни училишта има само во 35 од вкупно 84 општини?

**Во Табела број 2 е презентирана структурата на буџетските расходи што Владата за 2013 година има испланирано да ги потроши за извршување на функциите на државата.**

Табела бр.2

| Расходи од Буџетот за функциите на државата | Во '000' денари | Проценти | ВАША СТРУКТУРА ВО ПРОЦЕНТИ |
|---|---|---|---|
| Општи јавни служби | 15.669.353 | 11,5% | |
| Одбрана | 5.935.308 | 4,3% | |
| Јавен ред и мир | 13.198.230 | 9,6% | |
| Економски работи | 35.675.545 | 26,1% | |
| Заштита на животна средина | 931.585 | 0,7% | |
| Живеалишта и развој на заедницата | 2.467.025 | 1,8% | |
| Здравство | 5.954.649 | 4,4% | |
| Рекреација, култура и религија | 4.099.932 | 3% | |
| Образование | 21.946.290 | 16% | |
| Социјална заштита | 31.009.457 | 22,7% | |
| Вкупно | 181.420.619 | 100% | |



**Почитувани граѓани, направете ваш предлог Буџет**
**Во табелата погоре има колона каде може да ги промените приоритетите и да направите ваша структура согласно вашите потреби. Пополнете ја последната колона со ваша структура за владините програми.**
**Со вашата нова структура може да направите симулација на ваш предлог буџет на Р. Македонија на: www.mkbudget.org.**

Со програмата за децентрализација се трансферираат средства до општините за пред се е да се платат платите и надоместоците и работењето на градинките и училиштата..
За економски развој во 2013 година најмногу средства се предвидени за економска промоција, за инвестиции во железничката инфраструктура и за технолошко-индустриските развојни зони. Во врска со ЕУ – интеграциите, најмногу средства се предвидени за регионален развој. Ова би требало да помогне да се подобри амбиентот за инвестирање во Р. Македонија.
Приходите за Буџетот во 2013 година ќе бидат помали од расходите, па Владата ќе мора да се задолжува за да ги исполни плановите за трошење. Колкав е јазот помеѓу расходите и приходите или популарно, колкав ќе биде дефицитот? Видете го тоа на следниот графикон.

**Приходи, расходи и дефицит на буџетот за 2013 година**




* Графикон бр.13



Дефицитот изнесува околу 70.000 просечни годишни македонски плати или околу 285.000.000 евра. Владата планира за да го пополни јазот со тоа што ќе се задолжува од странски извори (од меѓународни финансиски институции, кредит од комерцијални банки гарантиран од Светската банка, како и кредитни линии наменети за финансирање на одделни проекти). Исто така, за покривање на негативното буџетско салдо (дефицитот) Владата планира да се задолжи и на домашниот финансиски пазар (емисии на државни хартии од вредност), каде што ќе настојува во наредниот период да ја зголеми рочноста на издадените хартии (издавање на државни обврзници на 3 и 5 години).

Почитувани граѓани, Буџетот Ви е претставен од аспект на планирани прибрани денари и планирани трошења, но како што гледате, никаде досега не споменавме резултати од работењето на Владата и исполнувањето на нивните програми.

**Дали квалитетот на услугите е подобар, дали сиромаштијата и невработеноста се намалуваат, дали се исполнуваат Вашите очекувања во областа на културата, дали населението живее подобро и поздраво и сл.? Одговор на овие прашања може да се добие само ако се споредува на што и колку денари се потрошени од Буџетот со квалитетот на услугата што ја добиваме. За таа цел, Владата треба да почне да размислува да развива Буџет според резултатите, согласно со тоа дали имало подобрувања во нашето живеење што сигурно наскоро ќе треба и да го очекуваме, само ако бараме отчетза трошењето на нашите пари.**

## Што по потрошените пари?



### Дали знаете дека?

Собранието на Р. Македонија преку Државниот завод за ревизија врши контрола на Владата за тоа дали Владата го троши Буџетот за утврдените цели и намени? Државниот завод за ревизија, исто така врши контрола и за тоа дали сме добиле вредност од услугата од Владата за нашите пари.

Министерот за финансии до 31 мај мора да ја достави завршната сметка на Буџетот (Буџетот што е потрошен минатата година) заедно со извештајот на Државниот ревизор за извршената ревизија до Владата. По утврдувањето на завршната сметка, Владата завршната сметка на Буџетот ја доставува до Собранието, каде што рокот за нејзино разгледување и усвојување е 30 јуни.



Ако сакате да знаете повеќе за тоа како се потрошиле вашите пари, погледнете на веб страницата на **Државниот завод за ревизија:** http://dzr.mk/DesktopDefault.aspx?tabindex=17&tabid=1113.

Ако сакате да дознаете повеќе за тоа како нашите избрани пратеници вршат контрола на **Владата** за тоа како таа го троши Буџетот, можете повеќе да дознаете од **Комисијата за финансирање и буџет при Собранието на Р. Македонија:** http://www.sobranie.mk/?ItemID=2578F44D6198E944B8C84C9D38005BD5.

Повеќе за Буџетите на Р. Македонија може да најдете на: http://www.finance.gov.mk/view/budget2011.

Контакти на вработени во Секторот за буџет и фондови при Министерството за финансии во Р. Македонија може да најдете на: http://www.finance.gov.mk/node/85 или на телефоните: 02/3106-326, 02/3106-361, 02/3106-350.



## Дали знаете дека?

**На граѓаните на Р. Македонија слободниот пристап кон информациите како и слободата на примање и пренесување на информации е загарантирано со Устав.**

## Методологија за изработка на првиот Граѓански буџет во Р. Македонија

Почитувани граѓани, првиот Граѓански буџет во Р. Македонија е изработен со цел да ги обезбеди најважните податоци за Буџетот на Р. Македонија за 2013 година, од перспектива на обичниот граѓанин. За одредување на структурата и содржината на овај Граѓански буџет беа интервјуирани 10 претставници од граѓански организации на кои им изразуваме голема благодарност.

Откако ги добивме мислењата на претставниците од граѓанските организации организиравме 3 фокус групи, во Прилеп, Шуто Оризари и Тетово со граѓани избрани по случаен избор. На овие фокус групи, одговорите и препораките за структурата и содржината на Граѓанскиот буџет од претставниците на граѓанските организации беа оценувани од страна на граѓаните. Покрај тоа, од фокус групите добивме претстава колку македонските граѓани ја владеат буџетската проблематика, и врз база на тоа го прилагодивме стилот на изразување во овој Граѓански буџет.

Најголем предизвик за тимот што го изработуваше овај Граѓански буџет, претставуваше селекцијата на повеќе и помалку важните елементи од Буџетот на Р. Македонија за 2013 година. За повеќе информации во врска со методологијата може да не контактирате на официјалната електронска пошта на Центарот за економски анализи – ЦЕА info@cea.org.mk.




WE ARE MAKING A DIFFERENCE
10 YEARS

CEA
Center for Economic Analyses

View publication stats